


# Бладање

Телевизорот емитува, скокам од канал на канал, домашни, странски, дигитални и аналогни, “64 ченелс оф шит ту чус фром – pink floyd vulgaris”, голема планина се насобрала, планина од лајна на која планинарат видни и угледни, се качуваат и паѓаат, и повторно угоре... велат, таква е сизифовата борба, а мене ми личат на скарабејот кој тркала тртушка... Ме поразува фактот што ги гледам и им се смеам, а јас и самиот сум качен и ги гледам одозгора, од истата таа планина... Се искачив дури највисоко... каква способност фецесот да ти биде подвиг во трката угоре, мојата вавилонаска кула. “Клизечи” удоле и повторно низ пустина, потрага по што?

Повторно пред телевизорот, уживам во перверзиите на овој свет, вајд скрин плазма хај дефинишн, двајца брадати мажи седат и си дофрлаат еротски и тајни пораки еден кон друг. Затворот е чудно место, донесува дразби каде човекот има само нагон да го отфрли непотребното од себе, а тие искусни во откривањето на тајните на свингтерот, се стиснале цврсто за своите рејсинг модули и ги стискаат менувачите на формула еден додека бејби навива завиткана во целофан како подарок кој треба да стои на масата во кабинетот на админстраторот во фараонската долина.

Ги менувам каналите со брзина на сторбоскоп, сликите ги примам подсвесно, пораките се таложат во некој дел од бавчата наречена мозок кој го рани со атомско гориво мојот механизам на логореа, кој засега мирува, ...додека не дојде терминот за лудило. Одеднаш забележувам дека иако сите канали емитуваат, тие произведуваат само видео шум, сив екран, сивило исто како небото над мене.

Повторно врне, но не како вообичаено, ова е од оние упорни дождови со крупни капки, чаби реин, како во последниот дел на финалната борба во Матрикс, една капка како илјада солзи, тешка и се пробива длабоко во ткаенината. Кровот од она исто поткровје кое цела деценија ме будеше од сон со шум на течење на вода и кошмар како пукнала цевка, конечно го санирав тој проблем, ах колку само бил мал. Протече кровот, на пет места. Мајсторите се збунети, не би требало, велат, ама сепак тече. Си велам камо да беше мојата мака тртушка која како скарабеј ќе морам да ја тркалам... но зошто?

Телефонот постојано ѕвони, гласови како зомби прашуваат - одговор немам, и јас сум дотолку посивен во ликот што сивилото на телевизорот ми ја заразува и душата, наместо плач - агонија на рамнодушноста, немам одговор ни за себе, а камоли за другите. Но има мудреци, има светии, со векови нè тешат и ни објаснуваат, јас и понатаму не ги разбирам... Икона со ликот на Бога, не Исус, Господ Бог со брада и бела коса... било по прописите... но нели не можеме да Го спознаеме затоа што целиот универзум не е доволен ни нозете Негови да ги прими, или лудиот буквалист во мене прави мајтап низ главата?

Наоѓам еден текст, тумачење за Јов, за маката, за страданието, ја знам оваа книга од Библијата, една од најтешките... таму не најдов одговор, а некој си, како ли се викаше, а кому му е гајле, впрочем, страници потрошил во објаснување на страданието на безгрешниот Јов... го прочитав 3-4 -5 пати, устата ми се изобличи во искривена гримаса на неразбирање. Пријателите од црква ме гледаат сожаливо, како можам да не разберам? Јас, пак, оној на кој ниедна од тие порти не му е отворена им велам - ако најдете едно објаснување зошто се страдањата на светов кое разумот може да го појми како утешително, покажете ми го, јас не најдов ниту еден збор, а како мало дете се радував на тумачењето и како разочаран гавран висам на жица покиснат на дожд после читањето. Некој или не разбира (јас) или тешко се фолира (пак јас)? Го предизвикувам Бога? Скраја да е, имам таков страв од Него да не Му

згрешам што објаснувањата за тоа дека имате личносен однос со Него ги гледам како орангутан пред отворен компјутер. Драги мои, немате одговор, ниту го знаете, импровизирате маестрално во реториката повикувајќи се на свети Отци, да беше јасен тој одговор победата ќе ја извојувавме за животот тука, а не да ја преживуваме агонијата и смртта. Некому му било просветлено па еве нам ни пренесувате... празна е таа чинија која ми ја подавате, затоа што подвигот треба да биде личен и врз основ на сопствениот пат - Блажени се оние кои не виделе, а поверувале... Верувам, а се фолирам, робовски однос сум изградил кон Бога, тоа владее со мене. Добро, не се отворила капијата на двајца кои во лик ќе се препознаат за да разговараат како татко со син, дајте ми ја иконата и нека биде одраз на вистина, а не слика на утеха. Толку ли е страшна таа награда што безгрешни мораме да влеземе во неа? Ќе станем ли демон во вечноста ако остане и ова мое човечко несовршенство кое во борбата со себе не успеав да го надминам и без казната која сам си ја препишав да согорам во прегрешенијата свои за да измолам со лага спасение за себе, незаслужено, пред сѐ, ах камо среќа, но Бога ли да Го лажам? А тоа го правам. Да одам заради Него во црква, да правам добро заради Него, да живеам доблесно и непорочно заради Него... кога ова го слушнав ја изгубив и таа мала молитвата што ја имав и лична и Исусова.. Зошто тогаш да се молам? За себе? Зошто да молам за милост? Нели не треба ништо да бараме од Него? Он е најважниот, без мене ќе ја биде и вечноста и универзумот, и добрите и праведните ќе се спасат, ионака животот е само сенка... бледа сенка... во бледилото на ликот свој како одраз на телевизорот кој е вклучен на канал кој не емитува. И во морето на исипани мудрости кои требаше да утешат некого му реков на духовникот - нема да разберат, ни јас не разбирам, а тој татковски воздивна и ми цитираше - патот е тесен...

Се сеќавам на најубавата журка во градот, бев скоро дете, сите беа поканети, прекрасни пријатели се собраа да си ја разубават ноќта. Пред портата имаше илјада луѓе... се откажав на половина... ја оставив и најубавата девојка таму која си најде друг таа вечер, таа вечер мислев дека изгубив сѐ. Не ми беше тешко во препотувањето и маката, не ми беше напорно да го издржам газењето и туркањето, со мене беше девојката што ја сакав... но недолично ми беше сето тоа... зошто како стока која се утерува во трло се тераме?

Зошто, кажи зошто, зошто, зошто... одговори, нели знаеш? Нели си верник? Кажи ми! Одговори ми. Ајде, што ќутиш, доста линкаш нешто што не ти дава одоговор ни на себе. Зошто смрт? Зошто мака? Зошто болести? Зошто страдање? Црквата вели дека го знае одговорот. Метри и километри писма одговори и текстови и повторно никој не дава одговор, оти никој и не го знае, не е отворена таа капија, одговорите се премногу лаконски за да дадат утеха, објаснување и утврдување на верата. Има само еден цитат од Библијата кој го разбива сето сивило во мојата глава и е како блесок на сочев ведар ден во целово мое непотребно богохулење со празни муабети на квази-верник за кој, еве, дознавате дека абер нема од својата вера, па уште и престанал и да се моли и у во црква да оди.

„Кога одеше, виде еден слеп човек од неговото раѓање. Учениците Негови Го прашаа и рекоа: „Рави, Кој згрешил? – тој или родителите негови, та се родил слеп?" Исус им одговори: „Ни тој, ниту родителите негови згрешиле, туку за да се јават делата Божји врз него."

Одговорот не ми донесе смирение и утеха, само се помирувам, смирение на подадената рака на пародичната улога која сам си ја наметнав. Си ја носам сопствената улога во универзумот како питач искината вреќа полна со непотребни дребулии, улога за која досега се покажа како патетично смешна во талкањето без одговор, се поклонувам пред вас публико моја, јас, вашата будалетинка во дворот пред вратата каде убаво ќе ве изнасмеам и утешам дека имало и бетер од вас додека добиете повик на терминалот три, лет во еден правец. Јас и натаму ќе се обидувам да го разберам подвигот на монахот кој не знаел, се сомневал...

Имало еден млад монах кој го прашал старецот што во суштина, тие, монасите, прават? Зошто служат? Зошто се молат? Заради Бога и љубовта Негова, кратко му одговорил старецот. Ниту љубов чувствувам, ниту ја имам кон Бога, ама од денес па до крајот на животот, се заветувам дека ќе се однесувам како навистина дека ја имам. Бог му ја дал благодатта на радоста на љубовта Негова дури пред крајот на животот, кога имал преку седумдесет години.

Имате одговор? Секако, но не е суштински, само обичен и академски, умен, кој повеќе ве прави паметни одошто суштества на љубовта, одговори кои го величаат егото одошто срцето, онолку колку да го положите испитот, вистинскиот опит допрва треба да дојде.